



# ОПШТИНА КАРПОШ НЕДЕЛЕН Е - БИЛТЕН

ИЗГОТВУВА:
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА

# КАРПОШ ПРИМЕР ЗА УСПЕШНА ДЕЦЕНТРАЛИЗИРАНА СОРАБОТКА ПОМЕЃУ ДОЛНА НОРМАНДИЈА И МАКЕДОНИЈА

**Делегација од Општина Карпош составена од г. Роберт Јанковски, г-ца Ивана Тасевска и г. Емир Ибраим имаше работна средба со заменик претседателот на Регионот Долна Нормандија, г-ѓа Ани Ани директорот на Дирекцијата за европски прашања и меѓународна соработка во Регионот Долна Нормандија, г.Александар Фоло. На средбата беа презентирани проектите на кои работи општина Карпош во соработка со партнерската општина од Долна Нормандија, Флору Сур Орн. Проекти од областа на културата, младите, спортот и образованието беа образложени пред високата делегација од Долна Нормандија при што беше заклучено дека соработката помеѓу партнерските општини е на мошне високо ниво. Воедно делегацијата присуствуваше и на отворањето на канцеларијата за децентрализирана соработка помеѓу Долна Нормандија и Македонија каде оствари разговори со претседателот на регионот Долна Нормандија, г. Лоран Бове и амасадорот на Франција во Република Македонија, г-ѓа Лоранс Оер при што посебно беше истакната активноста на партнерските општини како и поддршката на градоначалникот на Општина Карпош г. Стевчо Јакимовски и градоначалникот на Флору Сур Орн, г.Марк Лекерф за развој на проектите помеѓу партнерските општини. Канцеларијата на соработка која воедно претставува и локалана канцеларија на АЛДА (Асоцијација на агенции за локална демократија) беше свечено отворена од страна на градоначалникот на Град Скопје, г.Коце Трајановски, претседателот на регионот Долна Нормандија г.Лоран Бове и амбасадорот на Франција во Република Македонија, г-ѓа Лоранс Оер.**



# КАРПОШ НА „ЗЕЛЕНАТА АЈФЕЛОВА КУЛА“ НА КЛИМАТСКАТА АЛИЈАНСА



И оваа година, општина Карпош учествуваше на годишната меѓународна конференција на Климатската Алијанса која се одржа во Дрезден, Германија, од 22 до 25 април 2015 година. Темата на годишната конференција беше: Развојот на Европа ( Developing EUROPE) - Обезбедување на локални енергетски резерви. На Конференцијата беа искажани многу позитивни заклучоци за напредокот во воспоставувањето на регионални врски меѓу поединечните членки на Климатската алијанса, која брои над 1.700 членови. Како рамноправна членка, општина Карпош го даде својот „зелен глас“ за новата годишна Програма на Алијансата , заедно со останатите учесници на Конференцијата. Во контекст на еколошките постигнувања, практики и примена на законската регулатива во заштитата на животната средина, општина Карпош се најде на завидно место на импровизираната Ајфелова кула која беше претставена на Конференцијата. Таа ја симболизираше „пирамидата“ на успехот на одделни членки на полето на заштитата на животната средина и енергетската ефикасност меѓу останатите членки, градови и локални власти, со што се потенцираше и нашата позиција во однос на останатите. Општ впечаток беше дека нашата општина предничи во однос на заштита на животната средина пред многу европски градови и општини. Општина Карпош на Годишната меѓународна конференција и Генералното собрание на КЛИМАТСКАТА АЛИЈАНСА 2015-Дрезден, Р.Германија беше претставувана од вишиот соработник во Секторот за заштита на животната средина и природа, дипл.инг. Јован Цветаноски, кој во името на општината ги пренесе сите позитивни искуства што ги има во оваа сфера и задоволството од нивото на досегашната и идната соработка со Алијансата. Климатската Алијанса на локално ниво стана движечката сила за европската енергетска безбедност. Во текот на 2015 година, Климатската Алијансата ќе ја прослави 25 годишнината на заедничките климатски акции кои ги презема со своите членки. Во ова исклучителна пригода беше нагласено дека во иднина локалните власти ќе имаат централна улога во сферата на енергетската ефикасност, истовремено истакнувајќи ја вклучително, и нивната улога во меѓународните климатски процеси.

# НАГРАДА ОД ГЕРМАНИЈА ЗА ОСНОВЦИТЕ ОД ООУ „ЛАЗО ТРПОВСКИ“

Учениците од деветто одделение од ООУ „Лазо Трповски“, по деветти пат носат награда како учесници на 44-от реномиран Меѓународен натпревар за политичко образование. Проектот на тема „Енергијата на ветер во Република Македонија“, под менторство на предметниот наставник по германски јазик Стефан Симовски, освои награда во својата возрасна категорија. На традиционалниот натпревар кој се одржува во Бон, Германија, 45-членото жири, стручни лица, наставници како и претставници на тамошното Министерство за образование и култура, го истакнаа своето мислење за доделената награда. Според нив, проектот на ова наше училиште, не само што имаше квалитет и креативна форма при презентација, туку содржеше и детален опис и целосна анализа за потенцијалот на ветерната централа која се гради во Богданци и која оваа година треба да почне со производство на електрична енергија.





На Меѓународниот училишен натпревар за политичко образование, организиран од Сојузната централа за политичко образование, учествуваа повеќе од 50.000 ученици од 29 земји со вкупно 2.752 проекти. На свеченото доделување на наградите, присуствуваа Хелга Тајпел, раководител на одделот за култура и печат во Германската амбасада во Скопје, претставник од фондацијата „Фридрих Еберт“ во Република Македонија, како и ученици и наставници од ООУ „Лазо Трповски“. Со поздравен говор, пред присутните се обрати Хелга Тајпел и го сподели своето задоволство за наградените Македонци. -Се радувам што ќе ги поделам наградите на учениците од ова училиште. Тие направија проект за енергијата, го посетија ветерниот парк во Богданци каде што направија свое истражување и овој проект е награден во Германија. Во силна конкуренција каде што учествуваа околу 50.000 млади таленти, токму овие деца се наградени и ова е едно огромно достигнување и им посакувам многу успех во иднина. На поздравот се надоврза и нивниот ментор, наставникот Стефан Симовски кој рече: -На овие натпревари учествуваме веќе девет години и во текот на сите освоивме исто толку награди. Оваа година конкуренцијата беше уште поголема од изминатата година. Се работи за своевидна Олимпијада во политичко образование и натпреварот секоја година зема се поголем замав. Особено ми е мило што за овој натпревар иницијативата поттекнува од самите ученици. Учествуваме на типично германска тема и ете, пријатно изненадување ни е што на овој наптревар успеваме да освоиме награда. Интензивната ефективна работа на проектот е околу три месеци, период во кој децата без целосно ангажирани. За секој ученик, освен диплома, како награда дополнително ќе следуваат и книги. Учеството на големото Меѓународно натпреварување, ООУ „Лазо Трповски“ го реализираше како вон наставна активност, со финансиска поддршка од страна на фондацијата „Фридрих Еберт“.

# ОПШТИНА КАРПОШ-ДОМАЌИН НА СОСТАНОКОТ ЗА ПРЕТСЕДАТЕЛИ НА СОВЕТИ НА СКОПСКИ РЕГИОН



Општина Карпош, беше домаќин на работната средба помеѓу претседателите на Советите во општините на ниво на Град Скопје. Претседателот на Советот на Општина Карпош, Сашо Лазаревски, заедно со повеќе членови во Комитетот на Совети при ЗЕЛС, разговараа за промена на Деловникот за работа како и разгледување на заеднички интереси со цел да се создадат подобри услови за живот во секоја Општина. - На денешната седница сакаме да поразговараме околу промена на Деловникот за работа на овој Комитет, заеднички со нашите колеги ќе поднесеме иницијатива за промена на Статутот на ЗЕЛС и вклучување на претседателите на Советите во телата кои што работат и функционираат при ЗЕЛС. Целата идеја е, сите ние, како претседатели на Совети, да се приклучиме во подобрување на условите на живеење на граѓаните и во работата на единиците на локална самоуправа во Република Македонија – рече Лазаревски. Претседателот на Совет на општина Кисела Вода, воедно и претседател на Комитетот на Совети при ЗЕЛС, Трајче Донев поопширно образложи околу постоењето на Комитетот на Совети при ЗЕЛС. -Ова е втора седница на скопски плански регион во кои што членуваат 17 општини. Комитетот е формиран 2009 година и веќе подолго време функционира, но во изминативе две години поради некои тековни состојби не беше функционален. Пред две недели истиот е реализиран како цел тим кој брои 12 члена, поделени на осум плански региони, изјави Донев.

# ФРАНЦУСКАТА АМБАСАДОРКА ОЕР НА ГОСТИ КАЈ ЈАКИМОВСКИ



На иницијатива на Француската амбасада, амбасадорката на оваа пријателска европска држава Лоренс Оер, со својот соработник Доминик Готје, беше во работна посета на Општина Карпош. Тие, во оваа пригода го информираа градоначалникот на Карпош Стевчо Јакимовски за желбата за унапредување на соработката на регионот Долна Нормандија со Општина Карпош. Во таа насока, француските дипломати најавија и интерес на неколку француски компании за инвестирање во Општината, како на пример познатиот синџир „Бриколаж“ и други. Од друга страна, домаќинот, градоначалникот Јакимовски ги запозна високите претставници од Амбасадата на Франција за проектите што ги остварува неговата општина со збратимениот град Флори сир Орн, уметниците кои од овој град од Долна Нормандија ќе дојдат на лето на гости во Карпош, како и на видеопрезентациите на кои работат француските и македонските деца за меѓусебно да се информираат за своите места на живеење. Градоначалникот на Карпош доби искрени комплименти од амбасадорката на Франција Лоренс Оен за тоа како е урбанизирана општината, дека таа е една од најдобрите општини, а патем посака да се работи повеќе на изучување на францускиот јазик кај младата популација.